

Саво Костадиновски

Секое лето, додека студирав во Келн, по три месеци работев. Работев за да студирам. Студирав и печалбарев.

Работното место не ми беше в место, туку во движење, зашто работев како келнер во германските меѓународни возови. Така печалбарев, патувајќи. Уште тогаш патешествијата ми беа како предодредени, како животна преокупација... Претчувствував дека патешествијата ќе ми бидат како судбина, како начин на живеење.

Патував низ Европа, бев насекаде освен во затворената Албанија. Тогаш Европа ми изгледаше како едно цело. Ја мерев и вдолж и попреку. Мојот пат по неа беше подолг од патот на прадедо ми Костадин од Солун до Детроит и од патот на дедо Јанко од Солун до Сиднеј.

Патував и нешто запишував, кога како, кога што, а најчесто по некој стих. Темите не ги барав, туку се соочував со нив. Се соочував со својата родна земја. Од с# најдлабоко се запишани спомените за копнежите.

Најчести ми беа патувањата со „Балкан-експрес“ од Хамбург до Атина. Подеднакво ги доживував и патувањата на линијата Париз – Атина. Секое патување ми беше посебно искушение.

Минував низ мојата татковина.

Така живеев со неа – на пропатување и со спомени. И со будење на копнежи. Секое поминување, секој предел, секоја станица... – беше уште еден копнеж повеќе за мојата татковина. Тоа беше и уште еден повик од мојата татковина, од родниот крај. А јас само минував, не навратував.

Ја гледав од минување, не & приоѓав. Им одолевав на копнежите за родните предели. Имав многу сила за да им одолеам, но собрав премногу тежина што ја носат копнежите и носталгијата...

И кога не минував низ родната земја, мислата ме носеше кај неа. Ме потсетуваа оние кои патуваа во неа. А имаше многу нашинци кои одеа по Европа и поначесто носталгијата ги тераше да се навратат во родниот крај. Модата им беше да патуваат со касетофони. Да ја слушаат песната од нив, зашто песната во нивните души беше потаговна и носталгична. Им ги разбирав и песната и тагата.

Такви беа и кога одеа во своите зафрлени села низ Македонија и кога се враќаа. Таков бев и јас. Распнат меѓу татковината и далечината.

Нешто слична беше сликата и кога патував од Хамбург до Лисабон. Само што по тие возови не патуваа моите земјаци туку португалските, шпанските и италијанските гастарбајтери. И тие беа од новиот вид номади, но таму мене ми беше полесно – родните предели не ми скориваа мачнина. Ама не можев да не ги забележам кај нив носталгијата, тагата или радоста, иако не им го знаев јазикот.

Поинаку беше кога патував зад железната завеса. Отаде големиот sид и тишината беше поинаква. Не само поредокот, туку и редот им беше поинаков на луѓето – се забележуваше тоа веднаш штом ќе се симнев во Москва, Букурешт, Софија, Будимпешта, Варшава... Тогаш не мислев многу за носталгијата и за родниот крај..., тогаш мислев на еден збор – слободата. А таа е илјада пати повеќе од еден збор. Ама мене, со мојата словенска душа и со мојот словенски збор, ми беше полесно. Во тоа наоѓав малку топлина, наспроти студенилото на север, во таа скандинавска цибрина...

Младоста ми минуваше во патување и имав чувство дека животот ќе го минам во патување. Поточно, и самиот живот е само едно долго патување, без разлика дали е низ

времето или низ просторот.

Патувањето го сфаќав како потреба. И затоа ниедно патување до родниот крај или назад во Келн не го чувствував како тежина. Секогаш наоѓав убавина и некаква одржлива смисла во патувањето. Му се радував на новиот хоризонт, на новиот ден во друг простор...